***Годишен извештај за реализација на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја во Општина Берово за 2023 година***

# Општина Берово

Одделение за јавни дејности

Со Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја во Општина Берово, општината поблиску ги регулира прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личност со спомен обележја, што се од локално значање, условите и постапката за подигање на спомен обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштита чување, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведување на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата, регистрите за нивната евиденција, како и надзорот и контролата над спредувањето на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата (Сл.весник на РМ БР.66/04, 89/08 И 152/15).

**Реализирани активности заклучно со месец декември од Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личност со спомен-обележја во Општина Берово за 2023 година, бр.09-4012/1 од 15.11.2022 година.**

-Во текот на вториот квартал од 2023 година на 23.06.2023 година се одбележаа 22 години од смртта на загинатите бранители Зоран Бубевски, Никола Пехчевски, Љупчо Мирчовски и Димитар Двојаковски во воениот конфликт 2001 година и две години од подигањето на спомен обележјето, кои во нивна чест го подигна општината.

Делегации од Единиците на загинатите Бранители, од Општина Берово, почитуваните и ценетите семејства на загинатите бранители, ОВР Берово, Организацијата на резервни офицери Берово –Пехчево, Детската градинка „23-ти Август"Берово, положија свежо цвеќе на спомен обележјето, кое што засекогаш ќе ги избриша од заборав ликовите на загинатите бранители.

Пред присутните беше прочитан краток реферат за делото на загинатите бранители и со едноминутно молчење, беше оддадена почит, при што беше напомeнето дека неодамна, во знак на голема почит кон загинатите бранители, се преименувани имињата на 4 улици.



-Со положување на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци во НОВ во близина на ОЈУДГ,, 23-ти Август"во Берово и краток осврт за делото на паднатите борци, започнаа активностите за одбележување на 23 Август, Денот на ослободување на Берово.

Делегации од политичкиот и јавниот живот положија цвеќе и се поклонија пред спомен плочата, во знак на висока почит кон нашите херои и борци, кои жртвувајќи ги своите животи, но и покажувајќи ја својата одлучност и херојство, ни овозможија слободно да живееме и да ја градиме и негуваме нашата држава.



-По повод Денот на независноста на Македонија, 8-ми Септември, делегации на општина Берово, Здружение на пензионери, како и претставници на политички партии, положија цвеќе на Спомен Костурницата во Берово.

Пред присутните, беше прочитан реферат, со должна почит кон паднатите борци и посочување на историските моменти и значењето на денот.

Овој историски датум, кога граѓаните го кажаа референдумското „да” за остварување на вековниот сон за независна Македонија е обврска на сите граѓани да ја чуваат и развиваат земјата во духот на слободата и демократските вредности.



-На 19 Септември во беровското село Митрашинци се одбележа 79 годишнината од формирањето на 50-та Девизија на НОВ и ПОМ и 14 –тата младинска ударна бригада „Димитар Влахов”. Свеченaта церемонија започна со оддавање на едноминутно молчење во знак на почит на загинатите борци и револуционери, а делегации од општвестенот и политичкиот живот положија свежо цвеќе пред споменикот во с.Митрашинци. Во говорот прочитан пред присутните, беше назначено за формирањето на девизијата, со потсетување на борбениот дух и

непокорливоста на разловечките востаници, на кресненските бунтовници, на илинденските идеолози, која вроди со создавање на независна и самостојна држава.
Неизоставен дел од свеченоста беше и програмата подготвена од учениците од с.Митрашинци.



-На 11 Октомври-Ден на народното востание, делегации од општествениот и политичкиот живот од општина Берово положија свежо цвеќе пред спомен плочата на паднатите борци во НОВ од Малешево, во Берово, а пред присутните беше прочитан реферат, со историски осврт.




-На 23 Октомври-Денот на македонската револуционерна организација, делегации од општествениот и политичкиот живот положија свежо цвеќе, пред споменикот на Димитар Беровски, на плоштадот во Берово, а во краткиот говор, беше истакнато за основањето на Македонската револуционерна организација, кое го означило почетокот на организираната борба на македонскиот народ, кој се изборил за создавање самостојна македонска држава.




-На 22 Декември во беровско Русиново, се одржа чествување по повод 117 годишнината од смртта на македонскиот илинденски великан и еден од најистакнатите членови на Македонската револуционерна организација, Даме Груев.
Споменот за Даме Груев е вечен, неговиот лик и дело се гордост и затоа беше положено цвеќе пред бистата на Даме Груев, а пред присутните, во центарот на село Русиново, беше прочитан реферат за неговиот живот и дело.
Големиот македонски револуционер Даме Груев, загинува на 23 декември 1906 година, во борба кај месноста Петлец, близу с. Русиново.



Изработила: Благица Лапевска
Контролирала:м-р Биљана Марковска
Раководител на
Одделение за јавни дејности